# ЗАКОН ЗА АУДИОВИЗУЕЛНИТЕ ДОБРА

Консолидиран – неофицијален пречистен текст

(„Службен весник на Република Македонија бр. 103/08, 47/11, 51/11 , 154/15 и 39/16)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и начинот на работа на кинотеките, вршењето на дејноста на кинотеките, основањето, видовите на кинотеки, организацијата, координацијата, правата и должностите на имателите на аудиовизуелните добра, надзорот, стручните звања и други прашања од значење за вршење на дејноста за заштита на аудиовизуелните добра.

### Аудиовизуелни добра

Член 2

Аудиовизуелни добра согласно со овој закон се:

- аудиовизуелни дела (изворни материјали и тонска копија на игран, документарен, анимиран, експриментален и алтернативен филм, како и друго аудиовизуелно дело изразено во вид на поврзани подвижни слики со или без тон, без оглед на видот наносачот, наменети за јавно прикажување) и
- придружните материјали што се однесуваат на подвижните слики, како што се пишувана документација, сценарија, книги на снимање, сценографски и костимографски скици, костими, сценографски реквизити, микрофилмови, фотографии, слајдови, постери и друг пропаганден материјал.

### Заштитени аудиовизуелни добра

Член 3

(1) Аудиовизуелните добра од членот 2 на овој закон кои поради своите вредности, својства, содржини или функции имаат културно, научно и историско значење и се евидентирани во инвентарната книга на јавната кинотека или им е воспоставена заштита надруг начин се заштитуваат како културно наследство, согласно со овој и Законот за заштита на културното наследство.

(2) Задолжителниот примерок што се доставува до Кинотеката на Македонија, утврден со овој закон, согласно со Законот за заштита на културното наследство се смета за културно наследство од големо значење заштитено врз основа на закон.

### Значење на одделни изрази во овој закон

Член 4

(1) Архивска копија, во смисла на овој закон, е тонска копија на аудиовизуелно добро, наменета за чување и заштита заради културни, научни и историски потреби.

(2) Изворен материјал, во смисла на овој закон, се сите записи на слика и тон кои се основа за создавање на аудиовизуелното добро.
(3) Продуцент, во смисла на овој закон, е продуцентот регистриран во Централниот регистар на Република Македонија со претежна дејност филмска продукција.

Кинотека
Член 5
(1) Кинотеката е непрофитна установа од областа на културата.
(2)Кинотеките вршат истражување, прибирање, евидентирање, каталогизирање, стручно и научно обработување, чување, заштита и прикажување на аудиовизуелните добра.

Дејност за заштита на аудиовизуелните добра
Член 6
(1) Дејноста на заштита на аудиовизуелните добра е од јавен интерес.
(2) Дејноста за заштита на аудиовизуелните добра според одредбите на овој закон ја вршат кинотеките и самостојните аудиовизуелни збирки, доколку се регистрирани за вршење на дејност за заштита на аудиовизуелните добра (во натамошниот текст: кинотеки).
(3) Дејност за заштита на аудиовизуелните добра можат да вршат и други правни лица доколку се регистрирани за вршење на дејност за заштита на аудиовизелните добра и истата ја вршат во посебно организиран дел под услови утврдени со овој и друг закон, како кинотека во состав.

Примена на други прописи
Член 7
(1) На основањето, работата и престанокот на кинотеките, раководењето, управувањето, одлучувањето, финансирањето и управниот надзор се применуваат одредбите од Законот за културата, доколку со овој или со друг закон поинаку не е определено.
(2) Заштитата на аудиовизуелните добра се врши согласно со овој закон и Законот за заштита на културното наследство.
(3) Над вршењето на дејноста за заштита на аудиовизуелните добра се применува Законот за авторското право и сродните права.

## II. ВИДОВИ НА КИНОТЕКИ И ОСНОВАЊЕ

Видови на кинотеки според основачот
Член 8
(1) Кинотеките според основачот можат да бидат јавни (национални и локални) и приватни.

(2) Национална кинотека може да основа Владата на Република Македонија, а локална кинотека може да основаат општините, градот Скопје и општините во градот Скопје.
(3) Приватна кинотека може да основа домашно и странско правно и физичко лице, под услови и на начин утврдени со овој и друг закон.

Посебни услови за почеток со работа на кинотеката
Член 9
(1) Кинотеката, согласно со закон може да почне со работа ако ги исполнува следниве посебни услови да:
1) се обезбедени основни средства за почеток со работа;
2) се обезбедени финансиски средства за одржливо вршење на дејноста;
3) постои елаборат за основање на кинотеката;
4) се обезбедени соодветни простории и опрема за чување и користење на аудиовизуелните добра;
5) е обезбеден соодветен фонд на аудиовизуелни добра и
6) има вработено стручен кадар.
(2) Основачот на кинотеката доставува барање за почеток со работа на кинотеката до органот на државната управа надлежен за работите од областа на културата, со потребната документација од ставот (1) на овој член.
(3) За исполнувањето на условите од ставот (1) на овој член, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на културата (во натамошниот текст: министер), во рок од 30 дена од денот на доставувањето на барањето од ставот (2) на овој член, а по претходно мислење од матичната кинотека донесува решение.
(4) Стандардите за одредување на видовите на кинотеките, за нивната работа, сместување и чување на аудиовизуелните добра, ги пропишува министерот.

## III. ОСНОВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ, УПРАВУВАЊЕ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИ И ПРИВАТНИ КИНОТЕКИ

Основање на локални кинотеки
Член 10
(1) Советот на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, донесува одлука за основање на локална кинотека, според условите утврдени во овој закон.
(2) Локалната кинотека има статут со кој се уредува работата и организацијата на кинотеката, името, седиштето, предметот на работа и други прашања што се од значење за работата на кинотеката утврдени со овој или друг закон.
(3) Советот на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје даваат согласност на статутот.

## Раководење со локални кинотеки

## Член 11

(1) Орган на раководење на локалната кинотека е директорот.

(2) Градоначалникот го избира и разрешува директорот на кинотеката.

(3) Директорот на кинотеката се избира по пат на јавен конкурс што се објавува преку средствата за јавно информирање, најдоцна три месеца пред истекот на мандатот на претходниот директор. Конкурсот го распишува градоначалникот.

(4) Кандидатите ги доставуваат потребните документи согласно со конкурсот до управниот одбор на кинотеката. Кандидатите за директор задолжително доставуваат свој предлог на програма за работа на кинотеката.

(5) Пристигнатите документи ги разгледува трочлена комисија формирана од Управниот одбор на кинотеката. Комисијата е должна во рок од пет дена од завршувањето на конкурсот да ги разгледа доставените документи.

(6) Комисијата доставува предлог на кандидати до градоначалникот.

(7) Градоначалникот во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлогот врши избор на директор.

(8) Директорот се избира со мандат од четири години и може повторно да биде избран.

(9) Кандидатите кои не се избрани во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката на градоначалникот, имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката за избор на директор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(10) Против одлуката на комисијата од ставот (9) на овој член кандидатот има право на тужба до надлежниот основен суд.

(11) Посебните услови за избор на директор и постапката се уредуваат со статутот на кинотеката.

(12) Во случај кога не е избран директор на кинотеката или предвреме му престанал мандатот, градоначалникот веднаш именува вршител на должноста директор, без конкурс, од редот на вработените. Вршителот на должноста директор се именува за време до изборот на директор на кинотеката, а најдолго за шест месеца.

(13) Вршителот на должноста директор ги има сите права и обврски на директор на кинотеката.

## Управување со локални кинотеки

## Член 12

(1) Орган на управување на локалната кинотека е управниот одбор.

(2) Управниот одбор го сочинуваат пет претставници кои ги именува советот на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје од кои тројца се претставници од редот на истакнати стручни лица од областа на културата и двајца претставници од редот на вработените во кинотеката.

(3) Управниот одбор на кинотеката го донесува статутот на кинотеката, ги утврдува политиката и принципите за развој на кинотеката, ја предлага годишната програма за работа на кинотеката, финансискиот план и годишната сметка на кинотеката и врши други работи утврдени со актот за основање и статутот на кинотеката.

Финансирање на локални кинотеки

Член 13

(1) Средствата за финансирање на дејноста на локалните кинотеки се обезбедуваат на начин и по постапка утврдени со закон.
(2) Кинотеката до советот на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје доставува на усвојување годишна програма за работа, извештај за работа и финансиски план.
(3) Средства за основање и работа на локалните кинотеки се обезбедуваат од буџетот на општината.

Основање на приватни кинотеки

Член 14

(1) Приватна кинотека основа домашно и странско правно и физичко лице под услови утврдени со овој и друг закон.
(2) Фондот на приватната кинотека може да добие статус на заштитено добро доколку во постапка утврдена со Законот за заштита на културното наследство за истата ќе се донесе соодветен акт на заштита.
(3) Во случаите од ставот (2) на овој член на работата на приватната кинотека се применуваат и одредбите што важат за имателите на заштитени добра, согласно со Законот за заштита на културното наследство.

## IV. РАБОТЕЊЕ НА КИНОТЕКИТЕ

Работење на кинотеките

Член 15

Кинотеките ги вршат особено следниве работи:
- прибираат, чуваат и прикажуваат аудиовизуелни добра,
-прибираат и чуваат технички предмети и материјали кои се однесуваат на аудиовизуелните добра,
- преземаат техничко-заштитни мерки за заштита на аудиовизуелната опрема за прикажување на аудиовизуелни добра на различни медиуми,
- преземаат мерки за заштита на аудиовизуелните добра на нововоспоставени медиуми,
- создаваат фондови и збирки на аудиовизуелни добра од домашно и странско потекло,

- водат евиденција и документација за аудиовизуелните добра и формираат и одржуваат база на податоци,
- издаваат библиографски записи,
- вршат каталогизација на аудиовизуелните добра согласно со меѓународните стандарди,
- овозможуваат достапност до своите збирки на граѓаните, културно-образовните установи, научните установи, здруженијата на граѓани и други правни субјекти заради користење на аудиовизуелните збирки за научни, образовни и културни цели,
- го промовираат аудиовизуелното наследство како начин за афирмирање на културната разноликост,
- организираат јавно прикажување на аудиовизуелните добра,
- објавуваат информации поврзани со нејзината работа преку публикации, списанија или изложби и
- вршат други работи утврдени со закон и статут.

Матична кинотека

Член 16

Заради унапредување и координација на работата на кинотеките на територијата на Република Македонија со овој и Законот за заштита на културното наследство, како централна национална матична кинотека со матична функција се определува Националната установа - Кинотека на Македонија (во натамошниот текст: Кинотеката на Македонија).

Работа на Кинотеката на Македонија

Член 17

(1) Кинотеката на Македонија ги врши следниве работи:
- прибира, чува, реставрира и прикажува аудиовизуелни добра од домашно и странско потекло и аудиовизуелна документација од културен, уметнички, историски или научен интерес,
- прибира, чува и реставрира технички предмети и материјали кои се однесуваат на аудиовизуелните добра, а се од културно, научно и историско значење,
-презема техничко-заштитни мерки за заштита на аудиовизуелната опрема за прикажување на аудиовизуелни добра на различни медиуми,
- презема мерки за заштита на аудиовизуелните добра на нововоспоставени медиуми,
- ја организира соработката меѓу кинотеките во Република Македонија;
- ја координира работата на кинотеките,
- дава мислење на министерот за исполнување на условите од членот 9 на овој закон,
- создава фондови и збирки на аудиовизуелни добра од домашно и странско потекло,
- води евиденција и документација за аудиовизуелните добра и формира и одржува база на податоци,
- издава библиографски записи,

-врши каталогизација на аудиовизуелните добра согласно со меѓународните стандарди,
- ги проучува, истражува и со научни методи ги обработува прашањата од областа на заштитата на аудиовизуелните добра,
- дава стручна помош на имателите на аудиовизуелните добра,
- овозможува достапност до своите збирки на граѓаните, културно-образовните установи, научните установи, здруженија на граѓани и други правни субјекти заради користење на аудиовизуелните збирки за научни, образовни и културни цели,
- го промовира аудиовизуелното наследство како начин за афирмирање на културната разноликост,
- организира јавно прикажување на аудиовизуелните добра,
- објавува информации поврзани со нејзината работа преку публикации, списанија, изложби и креирање на веб страница,
- дава иницијативи за донесување на прописи и мерки за унапредување на дејноста за заштита на аудиовизуелните добра,
- учествува во меѓународни програми за соработка и размена на информации за методите и техниките за зачувувањето на аудиовизуелните добра,
- членува во соодветни меѓународни асоцијации,
- врши увид во доставувањето на задолжителниот примерок,
- врши увид во состојбите во дејноста за заштита на аудиовизуелните добра,
- се грижи за усовршување на стручните кадри во дејноста,
- презема мерки за вмрежување со еврспките центри за заштита на аудиовизуелни добра, како релевантни асоцијации од оваа област и
- врши други работи утврдени со закон и статут.

Други дејности на кинотеките

Член 18

(1) При вршењето на своите основни дејности, како и дејностите поврзани со нив, кинотеките вршат и работи од едукативен и научен интерес.
(2) Кинотеките развиваат форми за популаризирање на значењето и на културните и научните вредности на аудиовизуелните добра.
(3) Кинотеките преку организирање на постојани и повремени изложби вршат презентација на техничките предмети и придружните материјали.

Прибирање на аудиовизуелни добра

Член 19

(1) Кинотеките прибираат аудиовизуелни добра преку доброволен примерок, откуп, подарок, размена, легати, завештанија, како и преку отстапување и преземање од други правни и физички лица.

(2) Покрај начините на прибирање на аудиовизуелни добра во ставот (1) на овој член Кинотеката на Македонија прибира аудиовизуелни добра и преку доставување на задолжителен примерок.
(3) На прибирањето на аудиовизуелните добра се применува Законот за авторското право и сродните права.

Задолжителен примерок

Член 20

(1) Заради заштита, чување и користење на аудиовизуелните добра до Кинотеката на Македонија се доставува задолжителен примерок, согласно со овој закон.
(2) Продуцентот на аудиовизуелни добра (игран, документарен, анимиран, експриментален и алтернативен филм), веднаш по реализацијата, до Кинотеката на Македонија доставува една неупотребена тонска копија на аудиовизуелното добро, без оглед на видот на носачот, со придружни материјали. Доколку аудиовизуелните добра се создадени во дигитален формат, продуцентот веднаш по реализацијата, до Кинотеката на Македонија ги доставува и финалната верзија на филмот, изворните материјали, како и другите филмски и нефилмски материјали (аудио, титлови, интермедиа, пишувани материјали, фотографии, пропаганден материјал и др.).
(3) Продуцентот од ставот (2) на овој член за аудиовизуелните добра финсансирани со средства од Буџетот на Република Македонија, две години по нивното премиерно прикажување до Кинотеката на Македонија ги доставува изворните материјали на аудиовизуелните добра.
(4) Продуцентот од Република Македонија, учесник во копродукција на аудиовизуелно добро, кој користел средства од Буџетот на Република Македонија, веднаш по реализацијата до Кинотеката на Македонија доставува една неупотребена тонска копија на аудиовизуелното добро, без облед на видот на носачот.
(5) Продуцентот од Република Македонија, кој со средства од Буџетот на Република Македонија учествувал со мнозински дел во копродукциско аудиовизуелно дело, две години по премиерното прикажување до Кинотеката на Македонија ги доставува изворните материјали.
(6) Дистрибутерите на аудиовизуелни добра наменети за кинoприкажување, по истекот на лиценцата за прикажување на територијата на Република Македонија до Кинотеката на Македонија доставуваат една најсочувана копија од секое аудиовизуелно добро.
(7) Продуцентите на радиодифузните програми од јавен интерес финансирани со средства од радиодифузната такса до Кинотеката на Македонија доставуваат една копија од радиодифузните програми.
(8) Содржината, видот и форматот на материјалите кои се доставуваат до Кинотеката на Македонија ги пропишува министерот.

Доброволен примерок

Член 21

(1) Радиодифузните организации на барање на кинотеките можат да доставаат неупотребена копија на сопствена играна, документарна и анимирана телевизиска продукција.
(2) Имателите на аудиовизуелните добра на барање на кинотеките можат да доставаат копија од аудиовизуелните добра.
(3) Кинотеките на барање на Кинотеката на Македонија можат да доставаат копија од аудиовизуелните добра.
(4) Трошоците за депонирање и изработка на копија се на товар на барателот.

Договор за достапност и користење на депонираниот примерок

Член 22

(1) Кинотеката на Македонија и субјектите од членот 20 на овој закон, како и субјектите од членот 21 на овој закон, склучуваат договор со кој се регулираат правата на достапност и користење на аудиовизуелните добра, во согласност со Законот за авторското право и сродните права.
(2) На депонирачот на аудиовизулни добра кинотеките можат да му одобрат правење на копија на депонираниот материјал на негова сметка, доколку тоа го дозволува режимот на заштита на доброто и се регулирани авторското и сродните права.

Достапност и користење на аудиовизуелните добра

Член 23

(1) Аудиовизуелните добра депонирани во кинотеките се достапни на јавноста и можат да се користат за културни, научни, образовни и комерцијални цели, под услови утврдени со режимот на заштита на добрата и во согласност со Законот за авторското право и сродните права.
(2) Архивската копија и изворните материјали на аудиовизуелните добра не се користат.
(3) По исклучок, предметите наведени во ставот (2) на овој член можат да се користат само кога е неопходно потребно правење на нови копии, заради нивна заштита и за потребите на носителите на авторското прво и сродните права.
(4) Ако бараните аудиовизуелни добра се недоволно заштитени или за време на нивното користење се сериозно оштетени, на корисникот, кинотеките треба да му понудат копии од аудиовизуелните добра префрлени на дигитален носач, микрофилм или заштитени на друг начин.
(5) Не се достапни за користење на аудиовизуелните добра кои:
- се во процес на стручна и научна обработка или не им е истечен рокот на научна сопственост,

- се оштени до таков степен да не можат да се користат,
- не се во моментот достапни од други причини и
- содржат податоци што се утврдени како класифицирани информации.

(6) Кинотеките се должни да ги образложат причините зошто бараните аудиовизуелни добра не можат да бидат користени и да дадат информации кога ќе бидат достапни за користење.

Обврски на корисниците

Член 24

(1) Корисниците на услуги се должни да ги почитуваат правилата за користење на аудиовизуелните добра во согласност со закон и актите на кинотеките.

(2) Кинотеките се должни на корисниците да им ги соопштат правилата за нивните права и обврски на соодветен и транспарентен начин.

(3) На корисникот кој не ги почитува пропишаните правила може да му биде оневозможено натамошно користење на аудиовизуелните добра.

(4) Корисникот кој за време на користењето на аудиовизуелните добра, предизвикал оштетување на доброто е должен да ги покрие трошоците за негова конзервација, односно реставрација.

(5) Корисникот е должен да не ги злоупотреби личните податоци заштитени со закон и податоците кои се заштитени со Законот за авторското право и сродните права.

(6) Корисникот е должен добрата да ги користи во согласност со Законот за авторското право и сродните права.

Одобрение за користење

Член 25

(1) Кинотеките во рок од осум дена од денот на приемот на барањето на заинтересираното лице, издаваат одобрение за користење на аудиовизуелните добра.

(2) Барањето треба да ги содржи следниве податоци:
- лични податоци за корисникот,
- податоци за аудиовизуелните добра кои му се потребни да ги користи,
- цели за користење на аудиовизуелните добра и
- тема, област што сака да ја истражува.

(3) Во одобрението од ставот (1) на овој член се прецизира времето, местото и методите на користење.

(4) Ако кинотеките во рок од осум дена од приемот на барањето на заинтересираното лице не му издадат одобрение за користење на аудиовизуелните добра се смета дека е издадено позитивно одобрение.

Надоместок за користење

Член 26

(1) Користењето на аудиовизуелните добра е без надоместок.

(2) За вршење на посебни услуги поврзани со користењето на аудиовизуелните добра (фотокопирање, микрофилмување, скенирање, фотографирање и други форми на репродукција, копирање на магнетни, оптички и други медиуми, конзервација и реставрација на аудиовизуелните добра и друго) кинотеките утврдуваат соодветен надоместок.
(3) Видот на услугите и висината на надоместокот ги утврдуваат кинотеките со општ акт.
(4) Висината на надоместокот се утврдува во зависност од сложеноста на бараната услуга, употребата на технички средства, експлоатација на аудиовизуелното добро, стручниот ангажман, како и целите заради кои се бара услугата.

Размена и отстапување

Член 27

Аудиовизуелните добра на кинотеките, заради пополнување на збирки или остварување на ефикасна заштита и подобра презентација можат да се разменуваат и привремено или трајно да се отстапуваат на други јавни установи за заштита на културното наследство и други иматели на аудиовизуелни збирки во постапка пропишана со Законот за заштита на културното наследство и во согласност со Законот за авторското право и сродните права.

Чување на аудиовизуелните добра

Член 28

Кинотеките заради трајно одржување и користење на аудиовизуелните добра се должни да ги чуваат во стандардизирани услови и со примена на современи технички средства што обезбедуваат нивна комплексна и ефикасна заштита.

Ревизија на аудиовизуелни добра

Член 29

(1) Кинотеките се должни да вршат ревизија на состојбата на аудиовизуелните добра.
(2) Со ревизијата се утврдува состојбата на аудиовизуелните добра и потребата од преземање на соодветни мерки за нивна ефикасна заштита.
(3) Ревизијата на аудиовизуелните добра се врши најмалку на секои пет години.

Отпишување на аудиовизуелните добра од евиденција

Член 30

(1) Аудиовизуелните добра во кинотеките можат да се отпишат од евиденција од инвентарната книга, врз основа на акт за престанок на заштита на начин и по постапка пропишани со Законот за заштита на културното наследство и со друг закон.

(2) Отпишувањето на аудиовизуелните добра кои не се евидентирани во инвентарната книга се врши на начин и по постапка утврдени со статутот на кинотеките.

## V. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ИМАТЕЛИТЕ НА АУДИОВИЗУЕЛНИ ДОБРА

### Иматели на аудиовизуелни добра

### Член 31

(1) Иматели на аудиовизуелни добра, во смисла на овој закон, се правни или физички лица кои по кој било правен основ имаат во владение аудиовизуелни добра, а не се регистрирани за вршење на дејност за заштита на аудиовизуелните добра.
(2) Иматели на аудиовизуелни добра, во смисла на ставот (1) од овој член, се и правните лица регистрирани за вршење на радиодифузна дејност кои создаваат фондови на аудиовизуелни добра.
(3) Имателите од ставовите (1) и (2) на овој член за аудиовизуелните добра, за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство, се должни на Кинотеката на Македонија да и допуштаат да ги направи неопходните истражувања и проучувања на добрата, заради воспоставување на заштита.
(4) Имателите од ставовите (1) и (2) на овој член кои во сопствена продукција создаваат аудиовизуелни дела за кои основано може да се претпостави дека имаат културно, научно, историско и друго значење, а од објективни причини не се во можност да обезбедат просторни и технички услови за чување на делата, можат да ги предадат на Кинотеката на Македонија, заради нивна заштита.
(5) Кинотеката е должна да ги прими добрата од ставот (4) на овој член.
(6) Имателите од ставовите (1) и (2) на овој член имаат право на стручна помош од Кинотеката на Македонија, без надоместок, во однос на чувањето, користењето и заштитата на аудиовизуелните добра.
(7) Кинотеката на Македонија е должна да ја даде бараната стручна помош.

## VI. ЕВИДЕНЦИЈА, ДОКУМЕНТАЦИЈА И ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАР

### Евиденција и документација на аудиовизуелните добра

### Член 32

(1) Кинотеките се должни да водат евиденција и документација на аудиовизуелните добра.
(2) Евиденцијата на аудиовизуелните добра содржи влезна книга, книга на инвентар, излезна книга, картотека на аудиовизуелни добра, каталог на аудиовизуелни добра, електронска база на податоци и друг вид на евиденција, која се води согласно Законот за општата управна постапка.
(3) Документацијата за аудиовизуелните добра содржи податоци за аудиовизуелните добра кои се потребни за нивна стручна обработка, идентификацијата, начинот и состојбата во која се прибавени, настанати промени, процеси на обработка и друго.

(4) Кинотеките стручната обработка на аудиовизуелното добро ја вршат во рок од една година од денот на неговото запишување во влезната книга до денот на неговото евидентирање во инвентарната книга.
(5) Министерот ги пропишува формата, содржината и начинот на водење на влезната книга, книгата на инвентар, излезната книга, картотеката и другите видови на евиденција и документација.

Централен регистар на објавени аудиовизуелни дела
Член 33
ИЗБРИШАН

## VII. СТРУЧНИ ЗВАЊА

Вршење на стручни работи во кинотеките
Член 34
Во кинотеките стручните работи ги вршат работници со изборни стручни звања, со неизборни стручни звања и работници со други стручни и научни звања.

Изборни стручни звања
Член 35
Стручните работи во кинотеките ги вршат работници со изборни звања:
- виш филмолог и
- филмолог советник.

Посебни услови за избор и реизбор во изборни стручни звања
Член 36
(1) Во изборното стручно звање виш филмолог може да биде избрано лице кое има:
- најмалку пет години работно искуство како филмолог или најмалку три години работно искуство како филмолог и завршено магистерски, односно докторски студии од соодветната област и
- положено стручен испит за виш филмолог.
(2) Во изборното стручно звање филмолог-советник може да биде избрано лице кое има:
- пет години работно искуство како виш филмолог и
- стручен придонес во дејноста за заштита на аудиовизуелните добра кој може да се изрази со најмалку 250 бодови во согласност со актот од член 40-а од овој закон.
(3) Лицата од ставовите (1) и (2) на овој член се реизбираат на секои пет години.
(4) Во стручното звање виш филмолог може да се реизбере лице кое дало стручен придонес во дејноста за заштита на аудиовизуелните добра преку учество и реализација на проекти (авторство на каталози, стручно истражување, прибавување и обработка на аудиовизуелни добра, истражувања во дејноста за заштита на

аудиовизуелните добра) и објавување на стручни трудови и публикации во областа, кој може да се изрази со најмалку 150 бодови согласно актот од член 40-а од овој закон.
(5) Во стручното звање филмолог-советник може да се реизбере лице кое дало стручен придонес во дејноста за заштита на аудиовизуелните добра преку учество и реализација на проекти (авторство на каталози, стручно истражување, прибавување и обработка на аудиовизуелни добра, истражувања во дејноста за заштита на аудиовизуелните добра) и објавување на стручни трудови и публикации во областа кој може да се изрази со најмалку 250 бодови согласно актот од член 40-а од овој закон.
(6) По исклучок од став (3) на овој член, лицата од ставовите (1) и (2) на овој член кои имаат уште десет години до остварување на правото на пензија, не подлежат на реизбор.
(7) Стекнувањето на стручното звање е основ за унапредување на стручниот работник во повисоко работно место.

Постапка за полагање стручен испит и постапка за избор
и реизбор во стручни звања
Член 37
(1) Изборот и реизборот во изборните стручни звања од член 36 од овој закон го врши министерот врз основа на предлог од рецензиона комисија.
(2) Рецензионата комисија е составена од претседател и два члена кои ги именува министерот со мандат од две години. За претседател и членови на рецензионата комисија може да се именуваат работници со стручно звање филмолог-советник. При именувањето на претседателот и членовите на рецензионата комисија се води сметка за начелото на соодветната и правична застапеност на припадниците на заедниците во Република Македонија.
(3) Рецензионата комисија:
- утврдува дали лицата ги исполнуваат условите за полагање стручен испит и за избор, односно реизбор во стручно звање утврдени со овој закон и со актот од член 40-а од овој закон;
- го оценува полагањето на стручниот испит од член 36 став (1) алинеја 2 од овој закон;
- го врши бодирањето од член 36 став (2) алинеја 2 и ставови (4) и (5) од овој закон и
- доставува до министерот предлог за избор/невршење избор, односно реизбор/невршење реизбор во стручно звање.
(4) Рецензионата комисија, предлогот од став (3) алинеја 4 на овој член го доставува до министерот во рок од 30 дена од денот на доставување на барањето за избор, односно за реизбор во стручно звање.
(5) Предлогот од ставот (3) алинеја 4 на овој член содржи: биографски податоци за кандидатот, оцена за исполнетоста на условите за избор, односно реизбор во стручно

завање, оценка за избор во стручно звање според резултатите од стручниот испит и оценка за избор, односно реизбор во стручно звање согласно со добиените бодови од актот од член  40-а од овој закон.

(6) Постапката за избор и реизбор во стручно звање трае најдолго два месеца.

(7) Министерот во рок од 15 дена од денот на доставување на предлогот од рецензионата комисија донесува решение за избор/невршење избор, односно реизбор/ невршење реизбор во стручно звање.

(8) Против решението од став (7) на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

(9) Административно-техничките работи за рецензионата комисија ги врши Министерството.

Поведување постапка за избор и реизбор во стручно звање

Член 38

(1) Постапка за избор во стручно звање се поведува по барање на заинтересираниот стручен работник.

(2) Доколку стручниот работник не се избере во стручното звање поради неисполнување на условите за избор во стручното звање, има право во рок од шест месеци од денот на донесување на решението за не вршење избор во стручно звање, да достави ново барање за избор во стручно звање.

(3) Постапката за реизбор во стручно звање ја поведува директорот на јавната кинотека, најдоцна во рок од три месеци пред истекот на рокот за реизбор.

(4) Доколку стручниот работник не се реизбере во стручното звање поради неисполнување на условите за реизбор во стручното звање утврдени со овој закон, има право во рок од шест месеци на повторен реизбор, а продолжува со работа на истото работно место со истото стручно звање.

(5) Доколку и по вторпат не биде реизбран, стручниот работник го губи претходно стекнатото стручно звање и во рок од 30 дена со решение на директорот се распоредува на друго работно место во пониско стручно звање од претходно стекнатото стручно звање. Стручниот работник, во рок од шест месеци од денот на распоредувањето на друго работно место во пониско стручно звање, има право да поднесе ново барање за избор во повисоко стручно звање од постојното, во постапка согласно со овој закон.

(6) Против решението од ставовите (4) и (5) на овој член, стручниот работник во рок од 15 дена од денот на прием на решението има право на приговор до управниот одбор на јавната кинотека. Управниот одбор одлучува по приговорот во рок од осум дена од денот на приемот на приговорот.

(7) Против одлуката на управниот одбор може да се изјави тужба во рок од 30 дена од денот на донесување на одлуката на управниот одбор, до надлежен суд. Тужбата не го одлага извршувањето.

Неизборни стручни звања

Член 39

(1) Стручните работи во кинотеката ги вршат работници со неизборни стручни звања и тоа:

- филмски техничар, со соодветно средно образование;
- виш филмски техничар со соодветно више образование или стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС и
- филмолог со соодветно високо образование или стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС.

Други звања

Член 40

Определени стручни работи во кинотеките можат да вршат и работници кои имаат научни звања, како и стручни звања во областа на заштитата на културното наследство, архивската граѓа и други работници, согласно со општиот акт на кинотеката.

Член 40-а

Министерот ги пропишува соодветноста на видот на образованието и описот на стручните звања во дејноста за заштита на аудиовизуелните добра, програмата за полагање на стручниот испит, формата и содржината на барањата за избор и реизбор во стручни звања, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на вршење избор, односно реизбор во стручни звања и начинот на утврдување на бодовите за избор, односно реизбор во стручните звања.

## VIII. НАДЗОР

Вршење на надзор

Член 41

(1) Надзор над спроведување на овој закон врши Министерството за култура.

(2) При вршењето на надзорот над работата на органите на опшината, министерството ги врши следниве работи:

1) ја следи законитоста на работата на органите на општината и презема мерки и активности и поднесува иницијативи за остварување на надлежностите на општината во согласност со овој закон;

2) оценува дали органите на општината ги обезбедуваат надлежностите на општината да се извршуваат согласно со стандардите и постапките утврдени со овој закон;

3) дава препораки за доследно спроведување на надлежностите на општината во рамките утврдени со овој закон, на барање на органите на општината;

4) ја следи законитоста на решенијата што градоначалникот ги донесува во решавањето на поединечните права при изборот на директорот на кинотеката и

5) навремено ги известува органите на општината за констатираните состојби во нивната работа и за преземените мерки при вршењето на надзорот.
(3) Инспекциски надзор над спроведување на овој закон врши Министерството за култура преку инспекторите за култура согласно со Законот за културата и Управата за заштита на културното наследство согласно со Законот за заштита на културното наследство.

Член 41-а
Избришан

Објавување на извештај
Член 41-б
Министерството за култура за извршените контроли изготвува квартални извештаи и ги објавува на веб страницата на Министерството за култура на унифициран квартален преглед.

## IX. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Прекршочни санкции
Член 42
(1) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако не води евиденција и документација на аудиовизуелните добра (член 32 став (1)).
(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице.

Член 42-а
Глоба во износ од 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:
- врши дејност без решение дека ги исполнува условите за почеток со работа на кинотеката (член 9 став (3)),
- не достави до Кинотеката на Македонија неупотребена тонска копија на доброто, односно дигитален формат на доброто веднаш по реализацијата на делото (член 20 став (2)),
- не ги достави до Кинотеката на Македонија изворните материјали на
Аудиовизуелните добра две години по нивното премиерно прикажување (член 20 став (3)),
- не достави до Кинотеката на Македонија една неупотребена тонска копија на доброто, веднаш по неговата реализација (член 20 став (4)),
- не ги достави до Кинотеката на Македонија изворните материјали на аудиовизуелните добра две години по премиерното прикажување (член 20 став (5)),

- не достави до Кинотеката на Македонија копија од радиодифузните програми (член 20 став (7)),
- не врши ревизија на аудиовизуелните добра (член 29),
- во утврдениот рок стручно не го обработи аудиовизуелното добро (член 32 став (4)) и
- не поведе постапка за реизбор во стручно звање во рокот утврден со овој закон (член 38 став (3)).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице.

Член 42-б

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно Законот за прекршоците.

Член 42-в

(1) За прекршоците утврдени во членот 42 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Министерството за култура (во натамошниот текст: Прекршочниот орган).

(2) За прекршоците утврдени во членот 42-а на овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

(3) Прекршочната постапка од ставот (1) на овој член пред Прекршочниот орган ја води Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Прекршочната комисија) формирана од страна на министерот за култура.

(4) Прекршочната комисија е составена од овластени службени лица вработени во Министерството за култура, од кои едно ја врши функцијата на претседател на Прекршочната комисија.

(5) Прекршочната комисија е составена од три члена и нивни заменици и тоа:

- двајца дипломирани правници, од кои еден со положен правосуден испит со пет години работно искуство во својата област и
- еден член со висока стручна подготовка од обласа на општествените науки со пет години работно искуство од својата област.

(6) Прекршочната комисија се избира за времетраење од три години со право на повторен избор на членовите.

(7) За претседател на Прекршочната комисија може да биде избран само дипломиран правник со положен правосуден испит.

(8) Прекршочната комисија за Прекршочниот орган ја води прекршочната постапка согласно Законот за прекршоците и одлучува за прекршоците утврдени со овој и со друг закон и изрекува прекршочни санкции утврдени со овој закон, Законот за прекршоците и со друг закон.

(9) Покрај членовите на Прекршочната комисија министерот за култура може да определи секретар на Прекршочната комисија кој врши административни работи за Комисијата.

(10) Прекршочната комисија донесува деловник за својата работа.

(11) Против одлуката за прекршок што ја донела Прекршочната комисија може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Постапка за издавање на прекршочен платен налог

Член 43

(1) За прекршоците од членовите 42 и 42 –а од овој закон, инспекторот за култура на сторителот на прекршокот ќе му издаде прекршочен платен налог, согласно Законот за прекршоците.

(2) Доколку сторителот го прими прекршочниот платен налог, истиот треба да го потпише. Примањето на прекршочниот платен налог од сторителот на прекршокот се забележува во записникот.

(3) Во записникот од ставот (2) на овој член се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторениот прекршок.

(4) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и прекршочниот платен налог го потпишува одговорното лице или од него овластено лице.

(5) Инспекторот за култура е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(6) Во евиденцијата од ставот (5) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(7) Личните податоци од ставот (6) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(8) Министерот ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Надлежност на судот

Член 44

Избришан

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Подзаконски акти

Член 45

Прописите чие донесување е предвидено со овој закон ќе се донесат најдоцна во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Усогласување на работата

Член 46

Кинотеката на Македонија ќе ја усогласи својата работа и општите акти со одредбите од овој закон во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Стручни звања

Член 47

(1) На лицата кои до денот на влегувањето во сила на овој закон се здобиле со звање виш филмолог и филмолог советник согласно со прописите за заштита на културното наследство здобиеното звање им се признава.
(2) Постапките за здобивање на звањата виш филмолог и филмолог советник започнати според прописите за заштита на културното наследство ќе се завршат според одредбите на овој закон.

Преименување на матичната кинотека

Член 48

Досегашната Национална установа - Кинотеката на Република Македонија со денот на влегувањето во сила на овој закон продолжува да работи како Национална установа - Кинотека на Македонија.

Престанување на постојниот закон и престанување на важност на одредби

Член 49

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за основање Кинотека на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 20/74) и одредбите од Законот за задолжителниот примерок („Службен весник на Република Македонија“ број 11/94) кои се однесуваат на доставувањето на задолжителниот примерок до Кинотеката на Република Македонија.

Влегување во сила на законот

Член 50

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**Преодни и завршни одредби од Закони за изменување и дополнувања на Законот за аудиовизуелните добра**

Член 1

(Член 6 од Законот  за изменување и дополнување на Законот за аудиовизуелните добра објавен во службен весник на Република Македонија 47/11)
Подзаконските акти кои се предвидени со овој закон, ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 2

(Член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудиовизуелните добра објавен во службен весник на Република Македонија 47/11)

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Член 3

(Член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудиовизуелните добра објавен во службен весник на Република Македонија 51/11).

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

По објавувањето на подзаконскиот акт од ставот 1 на овој член во „Службен весник на Република Македонија“ истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Министерството за култура.

Член 4

(Член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудиовизуелните добра објавен во службен весник на Република Македонија 51/11).

Постапките за добивање на решение за исполнување на посебни услови за почеток со работа на кинотеката, започнати пред денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според Законот за аудиовизуелните добра („Службен весник на Република Македонија“ број 103/2008 и 47/11).

Член 5

(Член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудиовизуелните добра објавен во службен весник на Република Македонија 51/11).

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, освен одредбите од членот 1 на овој закон, кои се однесуваат на членот 9 став (21) од овој закон и членот 2 од овој закон кои ќе започнат да се применуваат со започнување на примената на Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Член 6

(Член 11 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудиовизуелните добра објавен во службен весник на Република Македонија 154/15).

(1) На лицата кои до денот на отпочнувањето на примената на одредбите од членовите од 2, 3 и 4 од овој закон, се здобиле со стручно звање согласно Законот за

аудиовизуелните добра („Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 47/11 и 51/11), здобиеното звање им се признава согласно овој закон.
(2) Постапките за здобивање на стручните звања започнати според прописите што важеле пред отпочнувањето на примената на одредбите од членовите од 2, 3 и 4 од овој закон, ќе се завршат според Законот за аудиовизуелните добра („Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 47/11 и 51/11).

Член 7
(Член 12 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудиовизуелните добра објавен во службен весник на Република Македонија 154/15).
Подзаконскиот акт од член 4 од овој закон ќе се донесе во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, а подзаконскиот акт од член 10 став (8) од овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 8
(Член 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудиовизуелните добра објавен во службен весник на Република Македонија 154/15).
Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а одредбите од членовите 2, 3 и 4 од овој закон ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2016 година.

Член 9
(Член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудиовизуелните добра објавен во службен весник на Република Македонија 39/16).
Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 ден од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 10
(Член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудиовизуелните добра објавен во службен весник на Република Македонија 39/16).
Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе започне да се применува со започнувањето на примената за Законот за општата управна постапка, согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија” 124/15).